


# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЕУ ЦЕНТАР


# *ЕУ ВЕСТИ*


***февруари 2022 година***
***ЕУЦ-број 70/2022***


## ИНВЕСТИЦИСКИ САМИТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН 2022




На 28 февруари 2022 година се одржа петтиот Инвестициски самит за Западен Балкан во седиштето на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во Лондон, на кој присуствуваа шефовите на владите на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

Самитот имаше за цел да го истакне потенцијалот на Балканот за инвестиции и бизнис и да промовира регионални прекугранични проекти. Балканот е приоритетен регион за ЕБОР, поради што оваа банка сѐ уште е најголемиот институционален инвеститор во земјите од Западен Балкан.

Настанот го отвори претседателката на ЕБОР, Одил Рено Басо која истакна дека регионалната соработка е од витално значење за економските перспективи и политичката стабилност на Западен Балкан.

Европскиот комесар за соседство и проширување, Оливер Вархеји ги истакна плановите на Европската унија да ја зголеми економската поддршка за регионот во наредните години на 30 милијарди евра. Вархеји ја претстави Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) и Економскиот инвестициски план (EIP).

Финансирањето има за цел да ја забрза социјалната и економската конвергенција на регионот со ЕУ и се очекува да го зголеми неговиот бруто домашен производ за 3,6%.

Лидерите на самитот дебатираа за плановите за развој на обновливи извори на енергија, за кои е потребен регионален енергетски систем за да се балансира приливот на обновливи извори во националните мрежи и промена на законодавството во некои земји за да се овозможат приватни инвестиции од големи размери.

Приоритетните проекти за Република Северна Македонија кои беа претставени од претседателот на Владата, Димитар Ковачевски, вклучуваат Коридор VIII, интерконектор за електрична енергија со Албанија и дигитално поврзување и проект за поврзување на земјата со терминалот за ЛНГ во Грција.

Воведниот самит за Западен Балкан, на кој учествуваа сите премиери од регионот за прв пат се одржа во седиштето на ЕБОР во Лондон во февруари 2014 година.

https://ec.europa.eu

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Инвестициски самит за Западен Балкан 2022 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Резолуција за борба со олигарси во ЕУ | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| ЕУ Самит „Еден океан“ | 6 |
| Иницијатива за „Здравствена унија“ | 6 |
| Мерки за заштита од високите цени на енергенсите | 7 |
| Производство на микрочипови во ЕУ | 7 |
| Состанок на министрите за правда и внатрешни работи на ЕУ | 8 |
| Намалеи залихите на гас во европските складишта | 8 |
| Иницијатива за заштита на „Европскиот спортски модел“ | 9 |
| Одбележана 20 годишнина на еврото | 9 |
| Забранета употреба на синтетички пестициди во парковите | 10 |
| Градови финалисти за наградата „Европска одржлива мобилност“ | 10 |
| Генериран комунален отпад во ЕУ во 2020 | 11 |
| ЕУ календар / март 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

Европскиот парламент ја одбележа 20 годишнината од пуштањето во промет на првите евро банкноти и монети.

Европарламентот го одобри барањето на Франција за поддршка од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата за расселените работници (ЕГФ) за 300 вработени во Ербас во Франција кои останаа без работа поради пандемијата на Ковид-19. Вкупната вредност на мерките за поддршка е 4,4 милиони евра, од кои ЕГФ ќе покрие 85% (3,7 милиони евра), а преостанатиот износ (0,7 милиони евра) ќе го обезбеди Ербас. Советот ги одобри мерките на 4 февруари годинава.

Во извештајот усвоен од европратениците се нагласува итноста за подобрување и проширување на постојната инфраструктура за искористување на обновливите извори на енергија во ЕУ. Повеќето од земјите членки заостануваат во преминот кон обновливи извори на енергија. Фондот за закрепнување NextGenerationEU дава единствена можност за мобилизирање на капитал покрај приватните инвестиции, истакнаа европратениците.

По одлуката на Европскиот суд на правдата да ја поддржи регулативата за условување на владеењето на правото, европратениците ја повикаа Комисијата да дејствува без одлагање. На 16 февруари годинава, Европскиот суд на правдата одлучи да ги отфрли барањата на владите на Полска и Унгарија и да ја задржи правосилноста на регулативата за условеност на буџетот која има за цел да ги заштити фондовите на ЕУ од злоупотреба од национални влади кои го прекршуваат владеењето на правото. Регулативата стапи во сила на 1 јануари 2021 година, но досега не беше во примена.

Во дебатата за односите меѓу ЕУ и Русија, европската безбедност и воената закана на Русија против Украина, европратениците повикаа на обединет одговор и изразија поддршка за Украина.

Европарламентот усвои финални препораки за сеопфатна и координирана стратегија на ЕУ за борба против ракот. Извештајот на специјалната комисија на Парламентот за борба против ракот (BECA) беше усвоен со 652 гласа.

Во извештајот одобрен со 688 гласа европратениците ја повикаа Комисијата и земјите-членки да ги засилат мерките за да се обезбеди дека играчките кои се пласираат на пазарот на ЕУ се усогласени со Директивата за безбедност на играчките (TSD), без разлика каде се произведени.

Европратениците дадоа зелено светло за макрофинансиски заем од 1,2 милијарди евра за помош на Украина за да ги покрие потребите за надворешно финансирање во 2022 година. Резолуцијата, донесена по итна постапка беше усвоена со 598 гласа.

По одлуката на Судот на правдата за механизмот „условност на владеењето на правото“, европратениците побараа Комисијата да ги заштити вредностите на ЕУ. Некои од европратениците беа со критики кон институциите на ЕУ дека ги казнуваат Унгарија и Полска од политички причини и дека прават разлика помеѓу „подобро“ и „полошо“. Проблеми со владеењето на правото и политизирани судски системи постојат и во други земји на ЕУ, истакнаа дел од пратениците.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европарламентот усвои серија на препораки за регулативата со цел усогласување и зајакнување на правниот статус на европските непрофитни организации (NPO), односно да се стават на еднаква основа со организациите кои остваруваат профит.

Европската Унија треба да преземе водство во зајакнувањето на мултилатералните партнерства и заштитата и промовирање на демократијата и човековите права на глобално ниво - нагласија европратениците во извештајот за спроведувањето на Заедничката надворешна и безбедносна политика усвоен со 474 гласа.

Европарламентот даде зелено светло за договорот со владите на ЕУ за ажурирање на правилата со кои се дефинираат давачките што земјите-членки можат да ги наметнат за камиони, автобуси, комбиња и патнички автомобили во трансевропската транспортна мрежа (TEN-T).
Европратениците со 686 гласа го усвоија договорот, постигнат со владите на ЕУ во декември 2021 година, за ажурирање на правилата на ЕУ за ограничување на изложеноста на работниците на канцерогени, мутагени или репротоксични супстанции.

Европарламентот усвои три резолуции за состојбата со човековите права на Филипините и Иран и политичката криза во Буркина Фасо.

Претседателката на ЕП Роберта Мецола и лидерите на политичките групи одржаа вонредна пленарна седница во Брисел на 1 март 2022г., со почеток во 12:00 часот. Во резолуцијата усвоена со 637 гласа, европарламентот најостро ја осудува инвазијата на Русија на Украина и бара од Кремљ да ги прекине сите воени активности во земјата. Европратениците ја повикаа Европската комисија и земјите од ЕУ да обезбедат дополнителна итна хуманитарна помош за Украина, во соработка со хуманитарните агенции на ОН и други меѓународни партнерски организации.



www.europarl.europa.eu

## РЕЗОЛУЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ОЛИГАРСИ ВО ЕУ



Европската комисија мора да ја засили борбата против олигарсите и нивните мрежи во земјите од Европската унија, нагласија пратениците во Европскиот парламент во извештајот на Комисијата за контрола на буџетот.
Олигарсите и нивните мрежи се однесуваат како држави во држава, за свои интереси, без разлика на демократијата. Нивното влијание во ЕУ „се зголеми до невидени размери во последните неколку години", се наведува во извештајот на Комисијата.
Резолуцијата на ЕК за борба против олигарсите европратениците ќе дебатираат на крајот на март.
Потегот на Европскиот парламент да ја поттикне извршната власт на ЕУ повеже да обрне внимание на корупцијата, следуваше откако трансатлантскиот парламентарен сојуз против клептократијата, вклучувајќи ги пратениците и членовите на американскиот Конгрес, побара санкции за корумпирани поединци во Унгарија.
Извештајот доаѓа во момент на пресудата на Европскиот суд на правда за новиот инструмент, што ќе овозможи на блокот да суспендира средства на земји-членки во случаи на повреда на владеењето на правото. Одлуката ќе ѝ овозможи на ЕК блокирање средства од ЕУ за Будимпешта и за Варшава.

https://euobserver.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 25 февруари оствари средба со Делегација на Управувачката група на Шведскиот Риксдаг, предводена од Лота Јонсон Форнарве, втора потпретседателка на Шведскиот Риксдаг. Дводневната студиска посета на Собранието се реализира во рамките на соработката за демократски развој меѓу двата законодавни дома. Средба со делегацијата оствари Управувачката група на Собранието предводена од Фадил Зендели, претседател на групата. Свои излагања на дводневната работната средба имаа: Арбер Адеми, претседател на Комисијата за еврпски прашања, Маја Морачанин, Гордана Силјановска-Давкова, Мартин Костовски и Александар Велјановски.

www.sobranie.mk

Претседателот Џафери на 28 февруари 2022г. оствари средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика на Националното собрание на Република Словенија, предводена од претседателката на Комисијата, г-ѓа Моника Грегорчич. На средбата Џафери истакна дека повеќе од потребно е делување на Европската унија во насока на забрзување на процесот и поскоро отпочнување на преговорите. Претседателката на Комисијата, Моника Грегорчич ја нагласи заложбата на Словенечкото претседателство прашањето за интеграција на земјите од Западен Балкан да биде високо на агендата во текот на секое ново претседателство со Советот на Европската унија.





На 25 февруари 2022г. Претседателот на Собранието Џафери оствари средба со министерот за надворешни работи на Република Србија, Никола Селаковиќ, на која ја потенцира засилената динамика на билатералните односи на највисоко ниво меѓу двете земји. Беше истакнато значењето на регионалната иницијатива ,,Отворен Балкан", како можност за регионално поврзување и соработка на земјите од Западен Балкан.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Комисијата за европски прашања во месец февруари 2022 година одржа три одделни седници на кои беа разгледани 13 закони со ЕУ знаменце.

Комисијата за европски прашања на 17 февруари 2022 година одржа седница, на која беше презентиран Извештајот на ЕК за 2021 година. Во своето обраќање, амбасадорот Гир истакна дека Европската комисија со Извештајот за 2021 година за нашата земја, испраќа силен и јасен сигнал дека кредибилната политика на проширувањето останува да биде клучна геостратешка инвестиција во мир, стабилност, безбедност и економски развој во цела Европа. Претседателот на Комисијата, Арбер Адеми нагласи дека добрососедските односи и регионалната соработка остануваат суштински елементи на процесот на проширување, како и на Процесот за стабилизација и асоцијација. На седницата беа донесени заклучоци.



На 24 февруари 2022г. Претседателот на Комисијата за надворешни работи на Собранието, Абер Адеми оствари средба со амбасадорот на Република Чешка во нашата земја, Јарослав Лудва. На средбата Адеми информира за напорите за почеток на преговорите за време на актуелното француско претседателство со Унијата, со осврт на реализираните европски реформи и текот на разговорите со Бугарија.



Претседателот на Комисијата на 7 февруари 2022г. оствари работна средба со заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ. На средбата соговорниците разменија мислења за можностите за унапредување на парламентарната димензија на евринтегративните процеси на земјата.

Претседателот на Комисијата за надворешна политика, Антонијо Милошоски, на 28 февруари 2022г. оствари работна средба со Делегација на Комисија за надворешна политика на Државниот збор на Република Словенија, предводена од Моника Грегорчич, шеф на Делегацијата. На средбата Милошоски се осврна на пречките кои стојат на патот кон формално отпочнување на пристапните преговори со Унијата, потенцирајќи го пред сè, проблемот што беше наметнат од страна на Република Бугарија.





Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во состав: Игор Јанушев, шеф на делегацијата, Моника Зајкова и Халил Снопче, членови на Делегацијата, учествуваа на 21-та зимска сесија, која се одржа на 24 и 25 февруари 2022 година во Виена, во хибриден формат.

Во рамки на сесијата пратеникот Игор Јаниушев, оствари средба со амбасадорот Кајрат Абдакхманов, Висок комесар за национални малцинства на ОБСЕ.

## ЕУ САМИТ „ЕДЕН ОКЕАН“




Самитот на ЕУ „Еден океан“ кој се одржа од 09 до 10 февруари 2022 година во Брест, на францускиот полуостров Бретања, опфати повеќе од триесет настани преку работилници, форуми, тркалезни маси и други иницијативи. На самиотот се обрати претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен при што истакна три клучни иницијативи на соработка со цел зачувување и заживување на океаните: нова меѓународна коалиција за заштита на биолошката разновидност на отворено море која сочинува 95% од океанот; голем компјутерски проект кој ќе им овозможува на истражувачите дигитална симулирање на светските океани; и истражувачката мисија на ЕУ за обновување на океаните и води до 2030 година. На Самитот беше претставена амбициозна коалицијата за биолошка разновидност надвор од националната јурисдикција (BBNJ). Иницијативата ја нагласува улогата на ЕУ како водечки актер во глобалното зачувување на морето. Областите надвор од националната јурисдикција претставуваат 95% од океанот и нивната биолошка разновидност обезбедува непроценливи еколошки и социо-економски придобивки за човештвото. ЕУ има два главни приоритети: намалување на загадувањето со пластика и забрзување на транзицијата кон кружна економија. Директивата за пластика за еднократна употреба (SUP), која е на сила од 2021 година е значаен чекор кон ставање крај на морското ѓубре во ЕУ. ЕУ воведува стандард за гориво што го ограничува интензитетот на стакленички гасови, а Регулативата за инфраструктура за алтернативни горива има за цел да обезбеди соодветна енергетска инфраструктура на пристаништата. Мисијата „Врати ги нашите океани и води до 2030 година“ има за цел да обезбеди океанот да игра централна улога во исполнувањето на целите од Европскиот зелен договор за 2030 година.

https://www.oneoceansummit.fr/en/

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАЕДНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА УНИЈА

Европската Унија покрена иницијатива за воспоставување на заедничка здравствена унија, истакна францускиот министер за здравство Оливие Веран, во рамки на Франсуското претседателство со ЕУ. Текстот за иницијативата е познат како „Декларација од Гренобл“ по францускиот град, каде на 11 февруари 2022г. се одржа состанокот на министрите за здравство на земјите-членки на ЕУ. Главната цел на состанокот беше заеднички да се подготват предлози за европска стратегија за јавно здравје, при што министрите се согласија да го истакнат аспектот на европскиот суверенитет.
Министерот Веран изрази уверување дека ЕУ може да стане „светски шампион во јавното здравство“ доколку ги надмине противречностите меѓу пазарните размислувања и системите за јавно здравје, и предности ќе има од заедничката набавка на одредени медицински помагала, како и во борбата против ретките болести на европско ниво.
Тој изрази надеж Декларацијата од Гренобл да биде потпишана наскоро, која ќе биде основа за „здравствената унија“.

https://europeanhealthunion.eu/

## МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ЕНЕРГЕНСИТЕ



Европските влади се обидуваат да ги заштитат граѓаните со оглед на порастот на цените на енергијата на пазарот како и ценовниот шок и високите сметки. Австриската влада најави финансиска помош за домаќинствата кон крајот на јануари и го суспендира паушалот за зелена струја гза одинава проценувајќи ја вредноста на мерките на 1,7 милијарда евра. Белгиската влада на почетокот на февруари објави дека ќе го намали ДДВ на електричната енергија како дел од пакет-мерките за заштита на потрошувачите од поскапувањето на енергијата. Бугарската влада ги замрзна регулираните цени на струјата и парното за домаќинствата до крајот на март. Долниот дом на Чешкиот парламент усвои закон со кој им олеснува на домаќинствата да стекнат право на социјална помош за домување, што треба да им помогне на најранливите категории. Франција вети дека ќе го ограничи растот на регулираните цени на електричната енергија на 4% преку владина наредба до 80% државната електроенергетска компанија ЕДФ да продава поевтина електрична енергија произведена во нуклеарните централи на конкуренцијата. Германската влада соопшти дека оваа година би можела да ја укине таксата за обновлива енергија во сметките за електрична енергија за да го намали притисокот од зголемените трошоци за енергија врз милиони домаќинства. Грција најави зголемување од 2% на минималната плата и дополнително намалување на даноците на имот за 13% за да им помогне на домаќинствата што се борат со зголемената инфлација и повисоките трошоци за енергија. Полска најави намалување на даноците за енергија, бензин и основни прехранбени производи и финансиска помош за домаќинствата.
Земјите од ЕУ во голема мера се независни во креирањето на сопствената енергетска политика, а според регулативите на ЕУ, дозволено е да преземат итни мерки за заштита на потрошувачите од повисоки трошоци. Европската комисија во октомври 2021 год. објави список на мерки кои може да се воведат без да се прекршат правилата за конкуренција, вклучително и помагање на посиромашните домаќинства, финансирање реконструкција за заштеда на енергија и ослободување на ранливите домаќинства од повисоки даноци за енергија.

https://www.bruegel.org

## ПРОИЗВОДСТВО НА МИКРОЧИПОВИ ВО ЕУ




Европската унија во обид да ја намали зависноста од азискиот пазар, на 08 февруари годинава објави план вреден 43 милијарди евра, со кој сака да стане главен производител на микрочипови на кои денес работат автомобилите, болничките респиратори, па се до конзолите за игри. Во време кога недостигот на природен гас и потпирањето на Русија во енергетиката покажуваат политички ризици од економска зависност, ЕУ со регулативата за чипови почнува да ја зајакнува економската независност во многу значајниот сектор за производство на полупроводници. Чиповите се во срцето на глобалната технолошка трка и основата на модерните економии. Овој потег на ЕУ, го следи примерот на напорите на американскиот претседател Џо Бајден да инвестира 52 милијарди долари (речиси 45 милијарди евра) во домашното производство на чипови.
Европската економија закрепна од минатогодишната пандемија на коронавирусот, но запре синџирот на снабдување со полупроводници и голем дел од потрошувачите во Европа мораат да чекаат и по една година за да добијат автомобил поради недостаток на резервни делови. Европскиот закон за чипови ќе ги поврзе истражувањето, дизајнот и тестирањето и ќе ги координира инвестициите на ЕУ. Планот од 43 милијарди евра ги обединува јавните и приватните фондови и обезбедува државна помош за започнување големи инвестиции.

https://ec.europa.eu

## СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА ЕУ



Министрите за правда на ЕУ на 01 февруари 2022 година одржаа неформален состанок во Лил, Франција, каде разговараа за предлогот за проширување на листата на кривични дела поврзани со говор од омраза и злосторства од омраза (онлајн и офлајн) со цел да се воведе соодветна правна рамка за криминализација на говорот на омраза и злосторствата од омраза на ниво на ЕУ. Моментално не постои правна основа за криминализирање на овие две категории на ниво на ЕУ и е нагласена потребата да се прошири постојната листа на кривични дела во ЕУ утврдена во Договорот за функционирање на ЕУ, за што Комисијата во декември минатата година покрена ваква иницијатива. Следниот чекор е земјите-членки на ЕУ да ја одобрат иницијативата, а потоа Комисијата да предложи законодавен текст.

Министрите зёа правда на ЕУ разговаа со претставници на главните дигитални платформи Фејсбук/Мета и Гугл. Претставниците на Твитер не одговориле на поканата, поради што Француското претседателство со ЕУ, изрази жалење.

Европскиот комесар за правда Дидие Рејндерс изрази надеж дека дигитални платформи ќе продолжат да соработуваат со надлежните тела на ЕУ за да подготват закон за дигитални услуги, за кој моментално се преговара. Новиот закон треба да обезбеди подобро функционирање на платформите, особено да ги отстрани и забрани нелегални содржини.

https://presidence-francaise.consilium.europa.eu

## НАМАЛЕНИ ЗАЛИХИТЕ НА ГАС ВО ЕВРОПСКИТЕ СКЛАДИШТА



Според податоците на „Гас Инфраструктура Европа“ во јануари годинава количините на гас во Европа се намалилиле на 42 милијарди кубни метри, додека исполнетоста во складиштата била 37,5%. Во истиот период во 2021 година во складиштата имало околу 60 милијарди кубни метри гас или исполнетост од 52%.

Италија е земјата со најголемо количество складиран гас во Европа со 10 милијарди кубни метри (47%), потоа Германија со 8,7 милијарди кубни метри (35%) и Франција со 4,4 милијарди кубни метри (33%).

Португалија има најголем процент на складирање на гасот, односно 200 милиони кубни метри или 80% складирање, потоа следи Велика Британија, со 750 милиони кубни метри или 75% исполнето.

Податоците потврдуваат дека зголемувањето на побарувачката и студената зима биле дополнителна причина за намалување на залихите на гас во Европа. Намалувањето на количеството на гас што Русија го испраќа во Европа преку Украина и намалувањето на производството во хидроцентралите исто така влијаело на намалувањето на складирањето на гасот.

Според експертите, можни се дополнителни потешкотии во снабдувањето со гас поради состојбата меѓу Русија и Украина.

Русија ја снабдува Европа со гас или преку долгорочни договори или еднократни договори со кои се продава одредена количина гас. Од друга страна, се наведува дека Русија има капацитет да испрати 15% повеќе гас во Европа.

https://www.reuters.com

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА „ЕВРОПСКИОТ СПОРТСКИ МОДЕЛ“

Европската комисија на 02 февруари 2022 соопшти дека е прифатена граѓанската иницијатива за заштита на европскиот спортски модел, со која се бара заштита на европските вредности во спортот.
Организаторите на иницијативата ја повикаа Комисијата да го заштити европскиот модел на спорт базиран на вредности, солидарност, одржливост и отворен натпревар. Тие бараат од Комисијата да усвои препорака која ќе постави рамка и насоки за земјите членки на ЕУ да го заштитат моделот на фудбалот во Европа, да ја препознаат социјалната вредност на спортот во европското општество, специфичната природа на спортот во правилата на натпревар и да ја зајакнат визијата на ЕУ и долгорочните политики за иднината и управувањето во европскиот спорт, стои во барањето на граѓаните од повеќе земји членки на ЕУ до Европската Комисија.
Иницијаторите на петицијата имаат период од 6 месеци да соберат потписи од еден милион граѓани во 7 различни земји членки на ЕУ, по што Комисијата е обврзана да даде позитивен или негативен одговор, придружен со образложение.




Од воведувањето на механизмот Европска граѓанска иницијатива, Комисијата примила 111 барања за започнување на Европската граѓанска иницијатива, од кои 87 биле прифатливи и согласно тоа и квалификувани да бидат регистрирани во натамошна постапка.

https://ec.europa.eu

## ОДБЕЛЕЖАНА 20 ГОДИШНИНА ОД ЕВРОТО

Претседателката на Европската централна банка, Кристин Лагард на 14 февруари 2022 година по повод 20-годишнината на еврото изјави дека валутата е дел од заедничкиот идентитет на Европејците и дека најавеното дигитално евро нема да биде замена за евро банкнотите.
На првиот ден од 2002 година, националните валути беа заменети со еврото во 12 земји на ЕУ, а денес валутата ја користат повеќе од 340 милиони граѓани на ЕУ во 19 земји.
Заедничката европска валута не е само користење на исти средства за плаќање, таа е дел од заеднички потфат и идентитет. Еврото го поедностави животот на европејците во бизнисите, студентите, при патувањата и сл.




Еврпската централна банка минатата година потврди дека започнува проект за дигитално евро, електронски пари издадени од ЕЦБ и националните централни банки кое би било достапно за сите граѓани и бизниси. Дигиталното евро нема да ја замени готовината, ќе биде дополнување на готовината, истакна Лагард.

https://www.ecb.europa.eu

## ЗАБРАНЕТА УПОТРЕБА НА СИНТЕТИЧКИ ПЕСТИЦИДИ ВО ПАРКОВИТЕ




Употребата на синтетички пестициди во паркови и други зелени јавни површини во урбаните средини ќе биде забранета во ЕУ. Земјите-членки ќе бидат обврзани да ја намалат вкупната употреба на пестицидите за 50%.
Европската комисија оценува дека ваков чекор е неопходен поради фактот што голем број земји-членки не презеле мерки по претходните упатства за намалување на употребата на пестициди.
Во предлог регулативата се истакнува дека како резултат на предлозите, „потрошувачите во ЕУ би можеле да се соочат со зголемување на цените на храната, што може да доведе до зголемен увоз од трети земји со помалку строга регулатива за употреба на пестициди“. Сепак, ќе постојат дополнителни механизми со кои ќе истражат начини за ублажување на влијанието. ЕУ мора „да премине кон фер, здрав и еколошки прехранбен систем“. Според предлог регулативата, пестицидите ќе бидат забранети и во заштитените природни подрачја. Нацрт-регулативата на ЕУ, која ќе треба да ја добие поддршката од земјите-членки и од Европскиот парламент, доби различни реакции од еколошките активисти во континентална Европа.

https://www.theguardian.com

## ГРАДОВИ ФИНАЛИСТИ ЗА НАГРАДАТА „ЕВРОПСКА ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ“




Европската комисија на 14 февруари 2022 г. ги соопшти 12-те градови финалисти за наградата за европска одржлива мобилност.
Јужна Митровица е единствениот град од Западен Балкан во трката и се натпреварува за категоријата „Планирање одржлива урбана мобилност“, заедно со Мадрид и Тампере. Во категоријата на големи општини со над 100 илјади жители се Амадора, Касел и Лилебургац, а малите општини се Алимос, Миахадас и Валонго. Во категоријата за безбедност на сообраќајот се натпреваруваат Фиренца, Ретимно и Варшава.

Европската комесарка за транспорт, Адина Валеан, ги нарече селектираните градови за пример за другите европски граѓани за тоа како се подобрува животот на граѓаните преку почист, зелен и едноставен превоз.
Добитниците на четирите награди - две награди за Европската недела на мобилност, една награда за планирање на одржлива урбана мобилност и една награда на ЕУ за урбана безбедност на патиштата - ќе бидат објавени на онлајн церемонија на 28 март 2022 година.

https://eurocities.eu

## ГЕНЕРИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ЕУ ВО 2020

Количината на комунален отпад создаден во ЕУ во 2020 година изнесувал 505 кг по едно лице, 4 кг по лице повеќе отколку во 2019 година и 38 кг повеќе отколку во 1995 година.
Во ЕУ се создадени 225,7 милиони тони комунален отпад во 2020 година, што е зголемување од 1% во споредба со 2019 год. (+1,8 милиони тони) и +14% во споредба со 1995 година (+27,7 милиони тони).
Создавањето комунален отпад значително се разликува меѓу земјите-членки на ЕУ. Во 2020 година, Данска и Луксембург имале најголем комунален отпад, со 845 кг и 790 кг по глава на жител, потоа следат Малта (643 кг) и Германија (632 кг).
Романија (287 кг), Полска (346 кг) и Унгарија (364 кг) предводеле во однос на регистриран најмал комунален отпад по лице во 2020.
Во споредба со 1995 година, само 7 земји-членки генерирале помалку комунален отпад по лице во 2020 година: Бугарија (-36%), Унгарија (-21%), Словенија (-18%), Романија (-16%), Шпанија (-10%) ), Белгија (-9%) и Холандија (-1%).
Во 2020 година се рециклирале 67 милиони тони комунален отпад во ЕУ. Рециклирањето на материјали паднало на 67 милиони тони од 68 милиони тони во 2019 година, што одговара на 151 кг по лице (исто како и во 2019 година). Луѓето во ЕУ рециклирале 44 милиони тони (97 килограми по глава на жител) повеќе отколку во 1995 година.

https://ec.europa.eu/eurostat




*ЕУ КАЛЕНДАР / март 2022*

1. *Самит на региони и градови, 03-04/03/2022, Марсеј, Франција;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 07-10 и 23-24/03/2022, Стразбург;*
3. *Денови на граѓанското општество, 15-17/03/2022, Брисел;*
4. *Состанок на Советот за надворешни работи, 21/03/2022, Брисел;*
5. *Состанок на Советот за општи работи, 22/03/2022, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




